Изработила: Сузана Милошева - Левкова

<table>
<tr><td colspan="3">Седмица: 8 Час: 6<br>Датум:</td><td colspan="2">Тема 2: Работа со текст<br>Наставна единица: Додавање слики во документ</td><td></td><td>Одделение:<br>IV</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Распоред (делови од часот)</td><td rowspan="2">Цели на учење</td><td rowspan="2">Критериуми на успех (очекувани резултати)</td><td colspan="2">Активности</td><td rowspan="2">Ресурси (средства и материјали)</td><td rowspan="2">Доказ за постигнувањата</td></tr>
<tr><td>Опис</td><td>Организациони форми</td></tr>
<tr><td>5 мин.</td><td rowspan="3">Да знае да вметнува слики во документ од различни места</td><td><u>Сите можат:</u><br>да ја согледаат важноста на сликите во документот</td><td>Зошто се вели дека една слика заменува 1000 зборови? Разгледуваат текстови со илустрации од учебник и сликовници. Дискутираат како би изгледале овие текстови без илустрации. Најава на целта на часот: како се додава слика во документ.</td><td>З<br>метод на разговор</td><td rowspan="3">Детски компјутери<br><br>LCD проектор<br><br>Учебник</td><td>Дискусија<br>Прашања<br>Одговори</td></tr>
<tr><td>30 мин.</td><td><u>Повеќето можат:</u><br>да вметнуваат слики во документ</td><td>• Активност за додавање слики во документ.<br>- На LCD проектор демонстрирам чекори за вметнување слики. Сликата се наоѓа на компјутер. Се отвора документот во кој сакаме да додадеме слика. Сликата се вметнува на местото на кое се наоѓа курсорот. Кликам Вметнување > Слика > Од датотека, ја бирам локацијата и името на датотеката и кликам Отвори. Сликата се селектира со клик врз неа, а потоа со влечење на едно од зелените квадратчиња можеме да ја смалуваме, зголемуваме и можеме со влечење на сликата да ја менуваме нејзината позиција. Учениците ги следат чекорите на наставникот и после секоја завршена задача одат на следна.<br>• Активност на учениците.<br>- На работната површина имаат датотеки со слики и текст за есента. Го отвораат текстот и ги вметнуваат сликите.<br>• Проширување на претходната активност. Доколку сакаме текстот да оди околу сликата, со десен клик врз сликата кликаме Пренеси текст > Пренесување текст на страница.<br>- Учениците ги повторуваат опишаните чекори и истражуваат како се поставува текстот околу сликата.</td><td>метод на демонстрација<br><br>И<br>метод на работа со компјутер</td><td>Набљудување<br><br>Изработен документ со вметната слика</td></tr>
<tr><td>5 мин.</td><td><u>Некои можат:</u><br>да објаснат начини на внесување слики во документ</td><td>Резимирање на новостекнатите знаења и дискусија за евентуалните тешкотии со кои се сретнаа на денешниот час.</td><td>З<br>метод на објаснување</td><td>Дискусија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста</td><td colspan="3">Забелешки / можности за проширување / домашна работа</td><td>Клучна терминологија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Воведен дел: Дискусија за текст со илустрација<br>Главен дел: Активности за додавање слики во документ, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: Резимирање за начини на внесување слики во документ</td><td colspan="3">Да вметнат слика за тема по нивен избор и според содржината на сликата да напишат состав. Текстот да биде со фонт Arial, големина на фонтот 12 и во сина боја.<br>Слики може да се вметнати директно од веб – прелистувачот: со десен клик врз сликата се бира Копирај, а потоа со десен клик на бараното место во програмот за обработка на текст се бира Вметни.</td><td>вметнување на слики.</td></tr>
</table>

obrazovanie.literatura.mk